**20111342961**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ХЕ БОШКОВ МОСТ КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ И АД ЕЛЕМ

Се прогласува Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот ХЕ Бошков Мост кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и АД ЕЛЕМ,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 септември 2011 година.

Бр. 07- 4040/1
28 септември 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ХЕ БОШКОВ МОСТ КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ И АД ЕЛЕМ

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем наменет за финансирање на Проектот ХЕ Бошков Мост кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и АД ЕЛЕМ во износ од 65.000.000 евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку АД ЕЛЕМ не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и АД ЕЛЕМ за финансирање на Проектот ХЕ Бошков Мост.

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе ги намирува АД ЕЛЕМ од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Член 4

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс период од пет години.

Каматната стапка е варијабилен шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за 1% годишна маргина.

Заемот ќе се отплаќа на 20 полугодишни рати секој 15 март и 15 септември во годината.

АД ЕЛЕМ ќе и плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во износ од 1% од износот на заемот. За износот на неповлечените средства од заемот на Европската банка за обнова и развој ќе и се плаќа провизија во висина од 0,5% од износот на неповлечените средства од заемот на годишно ниво.

Член 5

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и АД ЕЛЕМ ќе склучат посебен договор.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".